**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**

# УПАТСТВО

**за користење**

**на интегрираниот систем за студентски сервиси iKnow**

# Предговор

Системот за студентски сервиси iKnow е интегрирана дигитална платформа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, што има за цел да обезбеди електронско водење на студентското досие на прв и на втор циклус студии.

Функционалностите на системот за студентски сервиси iKnow се достапни за три кориснички профили:

- продекан за настава/студентска служба/администратор;
- професор;
- студент.

Ова Упатство претставува општо упатство во кое функционалностите на системот се опишани во целост. Секоја единица на Универзитетот, поради своите специфики, може да изготви свое посебно упатство за да може да се разграничат посебните потреби на сите корисници во системот.

Модулот за уписи е посебен систем, кој не е опфатен во овој документ.

# Содржина


Предговор ........ 1
Содржина ........ 2
Корисник продекан за настава/студентска служба/администратор ........ 4
1. ГЛАВЕН ПРОЗОРЕЦ ........ 4
2. ГЛАВНО МЕНИ (ДОМА) ........ 5
2.1. ИЗВЕСТУВАЊА ........ 6
2.2. СТУДЕНТИ ........ 6
2.2.1. Преглед ........ 6
2.2.2. Нов студент ........ 6
2.2.3. Пријави ........ 7
2.2.4. Соопштенија ........ 7
2.2.5. Групи ........ 7
2.2.6. Групи (само за Медицински факулет) ........ 7
2.2.7. Распределба ........ 7
2.2.8. Дипломирани/магистрирани студенти (стари програми) ........ 8
2.2.9. Продолжување со студии ........ 8
2.2.10. Импорт на дипломска/магистерска ........ 8
2.3. СТУДИИ ........ 9
2.3.1. Сесии ........ 9
2.3.2. Семестри ........ 9
2.3.3. Планови ........ 9
2.3.4. Програми ........ 9
2.3.5. Предмети ........ 9
2.3.6. Еквиваленции ........ 9
2.3.7. Предуслови ........ 10
2.3.8. Предмети за универзитетска листа ........ 10
2.3.9. Настава ........ 10
2.3.10. Историја на настава ........ 10
2.3.11. Ангажман ........ 10
2.3.12. Кадар ........ 10
2.3.13. Финансии ........ 10
2.3.14. Квоти ........ 10
2.4. РАСПОРЕДИ ........ 11
2.5. АДМИНИСТРАЦИЈА ........ 11
2.5.1. Корисници ........ 11
2.5.2. Уверенија ........ 11
2.5.3. Услуги ........ 11
2.5.4. Moodle-предмети ........ 11
2.5.5. Краток лог на активности ........ 11
2.6. ИЗВЕШТАИ ........ 12
2.6.1. Универзитет ........ 12
2.6.2. Список на студенти ........ 12
2.6.3. Експорт на дипломи ........ 12
2.6.4. Список на пријави ........ 12
2.6.5. Список на кандидати по предмет ........ 13
2.6.6. Статистика на запишани предмети ........ 13

2.6.7. Список на запишани семестри ........ 14
2.6.8. Список на положени ........ 14
2.6.9. Список на положени по сесија ........ 14
2.6.10. Список на пријави ........ 14
2.6.11. Статистика на положени ........ 15
2.6.12. Статистика на положени по предмети ........ 15
2.6.13. Список на уплати ........ 15
2.6.14. Невалидни семестри ........ 15
2.6.15. Матична книга на запишани ........ 15
2.6.16. Главна книга на дипломирани студенти ........ 15
2.6.17. Импортирања ........ 15
2.6.18. Кандидати по предмет од друг факултет ........ 15
2.6.19. Статистика по семестри ........ 15
2.6.20. ФЗОМ ........ 16
2.6.21. Проодност ........ 16
2.6.22. Распределба на настава – статистика ........ 16
2.6.23. Распределба на настава ........ 16
2.6.24. Статистика на запишани предмети (декларација) ........ 16
Корисник професор ........ 17
1. ПОЧЕТНА СТРАНИЦА ........ 17
1.1. Професори ........ 18
1.1.1. Формули ........ 19
1.1.2. Потписи ........ 20
1.1.3. Досие ........ 21
1.1.4. Оценки ........ 22
1.1.5. Семестрален лист ........ 23
1.2. Дипломски ........ 24
1.2.1. Историја на запишани ........ 24
1.2.2. Историја на пријавени ........ 25
1.2.3. Историја на импорт на оценки ........ 25
1.3. Извештаи ........ 25
1.3.1. Список на положени ........ 25
1.3.2. Список на пријави ........ 26
1.3.3. Список на запишани +email ........ 27
Корисник студент ........ 28
1. ГЛАВНО МЕНИ (ДОМА) ........ 28
1.1. Соопштенија ........ 28
1.2. Лични податоци ........ 28
1.3. Запишани семестри ........ 28
1.4. Предмети ........ 29
1.5. Пријави ........ 29
1.6. Испити ........ 30
1.7. Документи ........ 30

# Корисник продекан за настава/студентска служба/администратор

## 1. ГЛАВЕН ПРОЗОРЕЦ

Главниот прозорец овозможува да се изберат во менијата за корисникот професор и корисникот продекан за настава/студентска служба/администратор. Со изборот на копчето **iKnow** се влегува во менито за администрација, т.е. продекан за настава/студентска служба/администратор.



# 2. ГЛАВНО МЕНИ (ДОМА)




Главното мени ги содржи сите можности и функционалности на iKnow-системот. Најгоре десно има можност за одјавување, за пријавување на проблем и за пребарување на студент по број на индекс. Ова мени е направено за брз пристап до податоците на студентот.

Со избирање на некоја од иконите од менито или преку користење на страничното мени, може да се одбере соодветна можност, односно да се премине на некое од другите менија/модули во iKnow. Менијата се организирани како:

2.1 Известувања
2.2 Студенти
2.3 Студии
2.4 Распореди
2.5 Администрација
2.6 Извештаи
2.7 Уписи.

Во понатамошниот текст се опишани функционалностите на секое од менијата со нивните подменија. Скоро секое од нив овозможува пребарување доколку менито содржи листа или список на предмети, студенти, насоки, семестри и друго. Оваа функционалност понатаму ќе се подразбира.

## 2.1. ИЗВЕСТУВАЊА

Во менито **ИЗВЕСТУВАЊА**, сместено е менито за **УВЕРЕНИЈА,** при што е овозможено пребарување и селекција на издадени и неиздадени, платени и неплатени уверенија. Со притискање на „преземи“ се симнува уверението на студенот.




## 2.2. СТУДЕНТИ

Менито **СТУДЕНТИ** содржи:

2.2.1. Преглед
2.2.2. Нов студент
2.2.3. Пријави
2.2.4. Соопштенија
2.2.5. Групи
2.2.6. Групи (само за Медицински факултет)
2.2.7. Распределба
2.2.8. Дипломирани/магистрирани студенти (стари програми)
2.2.9. Продолжување со студии
2.2.10. Импорт на дипломска/магистерска.

### 2.2.1. Преглед

Менито **ПРЕГЛЕД** овозможува преглед на студентите и пребарување преку внесување на бројот на индекс, име или презиме, со филтрирање по циклус на студии, насока и година.

### 2.2.2. Нов студент

Менито **НОВ СТУДЕНТ** овозможува внесување на нов студент преку импортирање од уписите или рачно внесување. Се внесуваат основни податоци, податоци за раѓање, претходно образование, податоци за уписот и контакт на студентот.




### 2.2.3. Пријави

Менито **ПРИЈАВИ** овозможува пребарување на пријави по сесии според серискиот број.

### 2.2.4. Соопштенија

Менито **СООПШТЕНИЈА** овозможува праќање на соопштенија до сите студенти.

### 2.2.5. Групи

Менито **ГРУПИ** овозможува внесување и листање на групи од студенти кај соодветен професор кога има потреба од формирање на повеќе групи за ист предмет или на само една група за предметот. Се прави селекција по семестар и по предмет.

### 2.2.6. Групи (само за Медицински факулет)

Овозможува специфична функционалност за Медицинскиот факултет, кој има поинакво значење за терминот група.

### 2.2.7. Распределба

Менито **РАСПРЕДЕЛБА** овозможува внесување на студенти во групите. Студентите може да се внесуваат рачно или со прикачување на датотека што содржи листа од индексите на студентите кои треба да бидат внесени во групата.




### 2.2.8. Дипломирани/магистрирани студенти (стари програми)

Менито **ДИПЛОМИРАНИ/МАГИСТРИРАНИ СТУДЕНТИ (СТАРИ ПРОГРАМИ)** овозможува листање и пребарување на дипломирани и магистрирани студенти и нивно внесување во системот со пополнување на посебен формулар или импортирање на Excel-датотека.

### 2.2.9. Продолжување со студии

Менито **ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО СТУДИИ** овозможува преземање на податоци за студент кој завршил тригодишни студии со цел продолжување на студиите. Преземањето се врши по индекс или матичен број.

### 2.2.10. Импорт на дипломска/магистерска

Менито **ИМПОРТ НА ДИПЛОМСКА/МАГИСТЕРСКА** овозможува брзо внесување на магистерска или дипломска според наслов. Оваа функционалност не е целосно имплементирана.

## 2.3. СТУДИИ

### 2.3.1. Сесии

Менито **СЕСИИ** дава преглед на сесиите со можност за менување на термините за пријавување (од – до) и за почеток и крај на сесијата, типот на сесијата и типовите на испитот. Исто така, овозможува дефинирање на нови сесии и активирање/деактивирање на сесии.

### 2.3.2. Семестри

Менито **СЕМЕСТРИ** дава можност за преглед на семестрите, нивното времетраење, дали е зимски или летен семестар, циклусот на студии, времето за пријавување (од – до) на семестарот, односно запишување на семестарот.

### 2.3.3. Планови

Менито **ПЛАНОВИ** овозможува преглед на акредитациите од студиските програми по години и нивни модификации. Исто така, овозможува внесување на информации за акредитациите како: кратенка, име, број на семестри, број на кредити, дали се работи за нов план, наслов на дипломата, содржина и број на предмети.

### 2.3.4. Програми

Менито **ПРОГРАМИ** дава преглед и можност за промена на предметите во студиските програми, менување на статусот на предметот, типот на предметот, видот (задолжителен, изборен), семестралноста, називот, насоките, кодот, дефинирање на еквиваленции, предуслови, наставници, како и бришење, додавање и менување на податоци за предметите. Ова мени дава целосна листа со сите опции и можност за филтрирање по година на акредитација, циклус, тип, семестралност, број на семестар и насока.

### 2.3.5. Предмети

Менито **ПРЕДМЕТИ** дава преглед и можност за додавање и промена на предметите според циклус на студии, заедно со сите опции кои се погоре споменати за програмите плус дополнителни информации специфични за предметите (описни оценки, лимит, статус, дипл., 6 сесии, странско име, ЕКТС, структура на часови и друго).

### 2.3.6. Еквиваленции

Менито **ЕКВИВАЛЕНЦИИ** дава можност за преглед и менување на еквиваленциите на предметите од различни студиски програми и филтрирање на погледот според година, циклус, предмет, типови, семестри и насоки.

### 2.3.7. Предуслови

Менито **ПРЕДУСЛОВИ** дава можност за преглед и менување на предусловите на предметите од различни студиски програми и филтрирање на погледот според година, циклус, предмет, тип, семестар и насока.

### 2.3.8. Предмети за универзитетска листа

Менито **ПРЕДМЕТИ ЗА УНИВЕРЗИТЕТСКА ЛИСТА** дава преглед на предложените предмети за универзитетска листа од единицата, како и на кои факултети се дозволени предметите. Исто така, овозможува менување и додавање на вакви предмети.

### 2.3.9. Настава

Менито **НАСТАВА** овозможува преглед на предметите заедно со наставниците кои се доделени како предавачи на предметите. Ги дава истите статуси на предметите како и претходните менија и овозможува промени кај наставниците. Филтрирањето и пребарувањето може да се прави по година, циклус, задолжителност, тип, насока, семестар и друго.

### 2.3.10. Историја на настава

Менито **ИСТОРИЈА НА НАСТАВА** дава историски преглед на предметите кои биле активни за даден семестар, година на акредитација, циклус, задолжителност, семестралност, број на семестар и насока.

### 2.3.11. Ангажман

Менито **АНГАЖМАН** дава извештај со можност за промени за предметите на кои даден професор бил или е ангажиран.

### 2.3.12. Кадар

Менито **КАДАР** дава список на наставниот кадар на факултетот со можност за пребарување по звање и титула, како и промена на податоците за секој професор, односно припадник на наставниот кадар.

### 2.3.13. Финансии

Менито **ФИНАНСИИ** дава можност за дефинирање на квоти по насоки и дефинирање на цената по кредит и вкупната цена за семестарот, како и креирање/додавање на нови записи.

### 2.3.14. Квоти

Менито **КВОТИ** овозможува преглед на квотите и пребарување по квотите.




## 2.4. РАСПОРЕДИ

Ова мени сѐ уште не е имплементирано во целост.

## 2.5. АДМИНИСТРАЦИЈА

### 2.5.1. Корисници

Менито **КОРИСНИЦИ** овозможува управување со корисниците на системот и доделување и промена на улоги на корисниците, како и селекција на корисниците според улогата во системот. Менито е наменето за администратори.

### 2.5.2. Уверенија

Менито **УВЕРЕНИЈА** овозможува дефинирање на уверенија, додатоци на диплома, студентски картони, уверенија за дипломиран и друго. Исто така, овозможува преземање на урнеци за овие документи.

### 2.5.3. Услуги

Менито **УСЛУГИ** овозможува дефинирање на цената за услугите кои се овозможени, како што се издавање на додаток на диплома, задоцнета пријава, надоместок за лабораторија, потврда за вонреден студент, потврда за редовен студент, студентски картон и друго.

### 2.5.4. Moodle-предмети

Менито **MOODLE-ПРЕДМЕТИ** овозможува преглед на предметите кои се креирани и поврзани со Moodle.

### 2.5.5. Краток лог на активности

Менито **КРАТОК ЛОГ НА АКТИВНОСТИ** овозможува преглед на логираните активности од системот.

## 2.6. ИЗВЕШТАИ

### 2.6.1. Универзитет

Менито **УНИВЕРЗИТЕТ** дава глобални статистички податоци за планови, програми, професори и студенти по факултет.

### 2.6.2. Список на студенти

Менито **СПИСОК НА СТУДЕНТИ** овозможува генерирање на список студенти според повеќе филтри: циклус, семестар, почетна година, квота, план, групи/насоки, насока, статус, пол, националност и општина.

### 2.6.3. Експорт дипломи

Менито **ЕКСПОРТ НА ДИПЛОМИ** овозможува филтрирање по циклус, датум и број и експортирање на матична книга за дипломирани.

### 2.6.4. Список на пријави

Менито **СПИСОК НА ПРИЈАВИ** овозможува преглед на пријавите на студентите за секој професор, со филтрирање по циклус, сесија, насока и предмет.



### 2.6.5. Список на кандидати по предмет

Менито **СПИСОК НА КАНДИДАТИ ПО ПРЕДМЕТ** овозможува преглед и генерирање на список на студенти по професор, семестар, циклус, предмет, планови, групи на насоки, насоки, групи и полагања. Исто така, овозможува и таргетирано праќање на е-порака на селектираните студенти од списокот и експортирање на списокот во датотека.




### 2.6.6. Статистика на запишани предмети

Менито **СТАТИСТИКА НА ЗАПИШАНИ ПРЕДМЕТИ** овозможува преглед на бројот на запишани студенти по предмет со филтрирање по семестар, циклус, план, група на насока, насока и професор и експортирање на резултатите во датотека.




## 2.6.7. Список на запишани семестри

Менито **СПИСОК НА ЗАПИШАНИ СЕМЕСТРИ** овозможува преглед на студентите заедно со статусот на семестарот (запишан, незапишан, заверен), со останатите податоци релевантни за семестарот. Исто така, овозможена е селекција по семестар, циклус, план, групи на насока, насока, квота, година и статус.




## 2.6.8. Список на положени

Менито **СПИСОК НА ПОЛОЖЕНИ** овозможува преглед и генерирање на листа на положени студенти со селекција по сесија, циклус, предмет, план, група на насока, насока и квота и експортирање на резултатот во датотека.

## 2.6.9. Список на положени по сесија

Менито **СПИСОК НА ПОЛОЖЕНИ ПО СЕСИЈА** е исто мени со **СПИСОК НА ПОЛОЖЕНИ,** со тоа што е овозможено печатење на електронски пријави за ФИНКИ.

## 2.6.10. Список на пријави

Менито **СПИСОК НА ПРИЈАВИ** за сесија, професор, предмет, циклус, план, насока и квота има можност за експорт во датотека.

### 2.6.11. Статистика на положени

Менито **СТАТИСТИКА НА ПОЛОЖЕНИ** дава вкупен преглед на положени и неположени студенти по сесија, професор, циклус, план, група на насока, насока и квота, со можност за печатење и експорт во датотека.

### 2.6.12. Статистика на положени по предмети

Менито **СТАТИСТИКА НА ПОЛОЖЕНИ ПО ПРЕДМЕТИ** дава сумарен преглед на положени студенти со просечна оценка за секоја сесија од даден семестар, по семестар, циклус, план, групи на насоки, насока и професор.

### 2.6.13. Список на уплати

Менито **СПИСОК НА УПЛАТИ** дава преглед на уплатите по семестар, циклус, план, група на насока и насока со пресметано колку е платено, колку има за плаќање и колку должи секој студент.

### 2.6.14. Невалидни семестри

Менито **НЕВАЛИДНИ СЕМЕСТРИ** дава список на студенти со невалиден статус од избран семестар.

### 2.6.15. Матична книга на запишани

Менито **МАТИЧНА КНИГА НА ЗАПИШАНИ** дава список од матична книга на запишани по циклус и година, со можност за печатење и експорт.

### 2.6.16. Главна книга на дипломирани студенти

Менито **ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ** дава преглед на дипломирани студенти, со можност за печатење и експорт во датотека од даден датум до друг даден датум за соодветен циклус на студии, заедно со статистички податоци за студентите.

### 2.6.17. Импортирања

Менито дава преглед на импортирањата од другите менија заедно со статусот на импортирањата (дали се успешни и доколку има грешка, каде била грешката).

### 2.6.18. Кандидати по предмет од друг факултет

Менито **КАНДИДАТИ ПО ПРЕДМЕТ ОД ДРУГ ФАКУЛТЕТ** дава извештај, односно список на кандидати по семестар, професор, циклус, предмет и група од друг факултет.

### 2.6.19. Статистика по семестри

Менито **СТАТИСТИКА ПО СЕМЕСТРИ** дава сумарна бројка на запишани и заверени студенти по семестри за сите факултети од УКИМ.

### 2.6.20. ФЗОМ

Менито **ФЗОМ** дава експорт на список кој е потребен за давање информација до ФЗОМ за тековно запишани студенти според матичен број и важност на запишаниот семестар.

### 2.6.21. Проодност

Менито **ПРООДНОСТ** овозможува генерирање на извештај за проодност по професор, учебна година, циклус, предмет и студиска програма.

### 2.6.22. Распределба на настава – статистика

Менито **РАСПРЕДЕЛБА НА НАСТАВА – СТАТИСТИКА** дава извештај за распределбата на настава со број на студенти по предмет и насока кај секој професор.

### 2.6.23. Распределба на настава

Менито **РАСПРЕДЕЛБА НА НАСТАВА** дава можност за извештај со список на студенти кај секој професор на секој предмет.

### 2.6.24. Статистика на запишани предмети (декларација)

Менито **СТАТИСТИКА НА ЗАПИШАНИ ПРЕДМЕТИ** дава извештај на бројот на запишани студенти по предмет, професор, циклус и семестар.

# Корисник професор

## 1. ПОЧЕТНА СТРАНИЦА

Почетната страница се појавува веднаш по најавувањето во системот (слика 1).




**Слика 1**

По одбирање на менито **ПРОФЕСОРИ** се појавува страница со следните можности, прикажани на сликите 2а и 2б:

1.1. ПРОФЕСОРИ

1.2. ИЗВЕШТАИ

1.3. iKnow-МЕНИ.

Со изборот на **iKnow-МЕНИ**, корисникот се враќа на почетната страница од слика 1.




Слика 2а




Слика 2б

## 1.1. Професори

Во менито **ПРОФЕСОРИ,** корисникот може да ги избере следниве можности:

1.1.1. Формули
1.1.2. Потписи
1.1.3. Досие
1.1.4. Оценки
1.1.5. Семестрален лист
1.1.6. Дипломски
1.1.7. Историја на запишани

1.1.8. Историја на пријавени
1.1.9. Историја на импорт на оценки

### 1.1.1. Формули

Со избор на менито **ФОРМУЛИ,** се добива приказот на слика 3.




**Слика3**

Во оваа можност, професорот може да ги дефинира активностите кои студентот треба да ги исполни за да го положи предметот. Во опаѓачкото мени **ИЗБЕРЕТЕ ПРЕДМЕТ**, корисникот го избира предметот за кој треба да ја внесе формулата. Потоа се стиснува копчето **НОВА ФОРМУЛА**, се отвора прозорецот прикажан на слика 4а. Во овој прозорец, професорот треба да ги наведе активностите и критериумите што треба да бидат исполнети од страна на студентот по наведениот предмет, како што е прикажано на слика 4б.




**Слика 4а**




**Слика 4б**

## 1.1.2. Потписи

Со избор на можноста **ПОТПИСИ**, професорот користи електронско внесување на потписите за студентите кои ги исполниле условите за добивање потпис. Со избор на оваа опција, корисникот добива приказ како на слика 5а.




**Слика 5а**

Овде, корисникот треба да избере семестар (зимски/летен/студиска година), предмет за кој се дава потписот и насоката (студиската програма или програми). Со штиклирање на можноста **СИТЕ**,

сите студенти кои го запишале овој предмет ќе ја добијат одбраната можност што се избира во делот **ИЗБЕРЕТЕ ПОТПИС**.

Во делот **ИЗБЕРЕТЕ ПОТПИС** постојат следните можности: **УСЛОВНО ДОБИВА**, **НЕ ДОБИВА** и **ДОБИВА**. Доколку сите студенти не треба да добијат потпис, не треба се избира можноста **СИТЕ**.

Исто така, постои можност да се дефинира Excel-документ во кој се содржани податоците за студентите кои треба да добијат потпис и документот да се експортира, или ваков, претходно подготвен документ да се импортира, како што е прикажано на слика 5б.




**Слика 5б**

## 1.1.3. Досие

Во менито **ДОСИЕ**, професорот има увид во досието на избраниот студент и може да ги добие информациите прикажани на слика 6. Професорот треба само да го внесе бројот на индекс на студентот и добива приказ со информации за предметите за кои професорот е избран за професор од страна на студентот.




**Слика 6**

## 1.1.4. Оценки

Кога професорот ќе ја избере можноста ОЦЕНКИ, тогаш се отвора прозорецот прикажан на слика 7.




**Слика 7а**

Во него, професорот треба да направи избор на сесијата за која треба да се внесат оценките од резултатот на испитот. Тоа се прави со избор во менито **ИЗБЕРЕТЕ СЕСИЈА**, потоа во менито **ИЗБЕРЕТЕ ЦИКЛУС** се одбира циклусот на студирање и на крај во менито **ИЗБЕРЕТЕ ПРЕДМЕТ** се одбира предметот за кој треба да се внесуваат оценките.

Во менито **БАРАЈ** се селектираат студентите кои се пријавени за испит во дадена сесија по даден предмет. Во полето **ДАТУМ** се внесува датумот на испитот во сесијата. Со извршување на сите овие избори се добива прозорецот прикажан на слика 7б.




**Слика 7б**

Внесувањето на оценките професорот може да го направи и со избор на менито **ДАТОТЕКИ**, каде што се појавува дијалог-прозорец како на слика 7в, од каде што со избор на менито **ШАБЛОН** се симнува Excel-документ, во кој се содржани податоците: број на индекс на пријавени студенти и поле за внесување на оценка. Потоа, по пополнувањето на документот, тој се експортира. Исто така, може и готов, претходно подготвен документ, да се импортира.




**Слика 7в**

## 1.1.5. Семестрален лист

Со избор на менито **СЕМЕСТРАЛЕН ЛИСТ**, професорот може да го добие списокот на запишани студенти во соодветниот семестар и предмет. Тој треба да направи избор на семестар, предмет, насока и со избор на копчето **БИРАЈ** се генерира овој список како на слика 8.




**Слика 8**

## 1.2. Дипломски

Со избор на опцијата **ДИПЛОМСКИ**, професорот добива преглед на сите одбранети дипломски работи каде што професорот бил или ментор или член на комисија за одбрана на дипломската работа. Пребарувањето може да се прави и по број на индекс/име/презиме/тема, како што е прикажано на слика 9.




**Слика 9**

### 1.2.1. Историја на запишани

Со избор на менито **ИСТОРИЈА НА ЗАПИШАНИ**, професорот може да генерира список за сите студенти кои се запишани на избраниот предмет во избраниот семестар. Со избор на копчето **EXPORT**, корисникот креира Excel-документ, во кој се содржани податоците: име и презиме, индекс, потпис, код на програма, семестар и факултет. Овој документ корисникот може да го симне и меморира во својот компјутер, како што е прикажано на слика 10.




**Слика 10**

### 1.2.2. Историја на пријавени

Со избор на менито **ИСТОРИЈА НА ПРИЈАВЕНИ**, професорот може да добие преглед на студентите кои се пријавиле на избраниот испит во соодветната сесија и резултатот што го постигнале. Со изборот на ова мени се добива прозорец како на слика 11, во која корисникот треба да ја избере сесијата, предметот и на копчето **БИРАЈ** се генерира овој извештај. Извештајот ги содржи следниве податоци: индекс, име и презиме, насока, факултет, потпис, сесија, пријава и оценка. Доколку се избере копчето **ЕКСПОРТ**, овој документ во Excel-формат професорот може да го симне и меморира на својот компјутер.




**Слика 11**

### 1.2.3. Историја на импорт на оценки

Менито овозможува преглед на сите претходни импортирања кои ги има направено професорот, заедно со резултатите од импортирањата.

## 1.3. Извештаи

Менито **ИЗВЕШТАИ** има 3 можности со кои може да се креираат списоци за положени кандидати, список на пријавени кандидати и списоци на запишани кандидати со email-податоци за студентите:

1.2.1. Список положени
1.2.2. Список пријави
1.2.3. Список запишани + email

### 1.3.1. Список на положени

Со избор на менито **СПИСОК НА ПОЛОЖЕНИ,** професорот креира извештај на положени студенти од соодветната сесија. За да го креира извештајот, професорот треба прво да избере сесија,

циклус на студии, предмет и насоки. Потоа, со избор на копчето **БАРАЈ** се добива генериран извештај, како на слика 12.




**Слика 12**

Ако се одбере менито **ЕКСПОРТ,** овој извештај се добива во Excel-формат и тој како документ може да биде зачуван на компјутер или на друг вид меморија.

## 1.3.2. Список на пријави

Со избор на менито **СПИСОК НА ПРИЈАВИ,** професорот креира извештај на пријавени студенти за полагање на испитот во соодветната сесија. За да го креира извештајот, корисникот треба прво да избере сесија, циклус на студии, предмет и насоки. Потоа, со избор на копчето **БАРАЈ** се добива генериран извештај како на слика 13. Со избор на можноста **ЕКСПОРТ,** овој извештај се добива во Excel-формат и тој како документ може да биде зачуван на компјутер или на друг вид меморија.




**Слика 13**

### 1.3.3. Список на запишани +email

Со избор на менито **СПИСОК НА ЗАПИШАНИ** + **email,** професорот може да креира извештај за сите студенти (и нивните е-адреси) кои во избраниот семестар го имаат запишано соодветниот предмет кај соодветниот наставник. Корисникот треба да избере име и презиме на професорот, семестар, предмет, насоки и групи. Потоа, со избор на копчето **БАРАЈ** се генерира извештај даден на слика 14.




**Слика 14**

Доколку се одбере менито **ЕКСПОРТ**, тогаш овој извештај се генерира во Excel-формат и тој како документ може да биде зачуван на компјутер или на друг вид меморија.

Ако се избере копчето **МЕЈЛ**, тогаш се отвора прозорецот прикажан на слика 15, во кој се пишува наслов на пораката и текст во пораката и таа се испраќа до студентите кои се генерирани со извештајот.




**Слика 15**

# Корисник студент

## 1. ГЛАВНО МЕНИ (ДОМА)




На главното мени, студентите можат да ги видат своите податоци: број на индекс, насока на која се запишани, број на освоени кредити и просек.

Можностите кои се достапни се:

1.1. Соопштенија
1.2. Лични податоци
1.3. Запишани семестри
1.4. Предмети
1.5. Пријави
1.6. Испити
1.7. Документи.

### 1.1. Соопштенија

Во менито **СООПШТЕНИЈА,** студентите можат да ги видат соопштенијата кои се објавени преку iKnow.

### 1.2. Лични податоци

Во менито **ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ,** студентите можат да ги видат и променат своите податоци, како што се: лични податоци, податоци за контакт и дел од податоците за претходно образование.

### 1.3. Запишани семестри

Менито **ЗАПИШАНИ СЕМЕСТРИ** дава преглед на запишаните семестри заедно со уплатите и тековниот финансиски статус (колку студентот должи и колку има уплатено), статус за заверен семестар и дали студентот пополнил анкети. Дополнително, има коментари од студентот при упис и коментари од студентската служба.



Соопштенија | Лични податоци | Запишани семестри | Предмети | Пријави | Испити | Документи

| # | Семестар | Насока | Квота | Забелешка | Студ.Ком. | Сума | Платено | Ц.Кр | Тип | Док. | Таксени | Пот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зимски(2015/2016) | ПЕТ(2011) | Државна Квота-Редовен(2010) | | | 0,00 | | 205,00 | Ред. | | 0,00 | 0 |
| 2 | Летен(2014/2015) | ПЕТ(2011) | Државна Квота-Редовен(2010) | | | 4.920,00 | 4.920,00 | 205,00 | Ред. | | 50,00 | 1 |
| 3 | Зимски(2014/2015) | ПЕТ(2011) | Државна Квота-Редовен(2010) | | променет п... | 6.047,50 | 6.150,00 | 205,00 | Ред. | | 100,00 | 5 |
| 4 | Летен(2013/2014) | ПЕТ(2011) | Државна Квота-Редовен(2010) | молба одоб... | | 7.072,50 | 6.253,00 | 205,00 | Ред. | | 50,00 | 6 |
| 5 | Зимски(2013/2014) | ПЕТ(2011) | Државна Квота- | | | 5.842,50 | 6.662,50 | 205,00 | Ред. | | 50,00 | 5 |

## 1.4. Предмети

Во менито **ПРЕДМЕТИ,** студентот има преглед на запишаните предмети, како и статусот на предметите. Менито овозможува преглед на претходните семестри и упис на предмети во новите семестри. Исто така, дава информации за предметите, кој професор предава на кој предмет, во која група е студентот, статус на предметот дали е изборен или задолжителен и друго.





| # | Код | Часови | Кој пат | Предмет | Семестар | Статус | Потпис | Група |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1401 | 3+2 | 1 | Бази на податоци | 6 | Изб. | Добива | Група 2 |
| 2 | 1400 | 3+2 | 1 | Оперативни системи | 4 | Зад. | Добива | Група 2 |
| 3 | 1024 | 3+2 | 1 | Визуелно програмирање | 2 | Изб. | Добива | Група 1 |
| 4 | 1019 | 3+2 | 1 | Интернет програмирање | 4 | Изб. | Добива | Група 1 |
| 5 | 1403 | 3+2 | 1 | Основи на компјутерска графика | 4 | Изб. | | Група 1 |

## 1.5. Пријави

Менито **ПРИЈАВИ** овозможува пријавување на испити и преглед на пријавените испити на студентот.



Соопштенија | Лични податоци | Запишани семестри | Предмети | Пријави

2014 (Летна) Втора испитна сесија

**Пријавени испити:**

| # | Сериски број | Код | Предмет | Заверена | Таксени | Датум |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 356539 | CSEW506 | Веб програмирање | Да | 0,00 | 30.05.2014 |
| 2 | 356538 | 2703 | Етика за ИТ | Да | 0,00 | 30.05.2014 |
| 3 | 356537 | ETF084L06 | Јавни мобилни мрежи | Не | 0,00 | 30.05.2014 |
| 4 | 356536 | CSES616 | Мобилни апликации | Да | 0,00 | 30.05.2014 |
| 5 | 356535 | ISI112L3 | Софтверско инженерство | Да | 0,00 | 30.05.2014 |

## 1.6. Испити

Менито **ИСПИТИ** дава преглед на положените испити на студентот заедно со бројот на кредити, оценката и датумот на положување на испитот.



Соопштенија | Лични податоци | Запишани семестри | Предмети | Пријави | Испити | Документи

**Положени испити (39)**

предмети од универзитетска листа
предмети од факултетска листа

| # | Код | Предмет | Сесија | Датум | Семестар | Кредити | З/И | Оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | CSEW506 | Веб програмирање | 2014 (Зимска) Прва испитна сесија | 03.06.2014 | 0 | 6,00 | И | **10** |
| 2 | CSEW509 | Вовед во роботика | 2015 (Летна) Втора испитна сесија | 24.06.2015 | 0 | 6,00 | И | **9** |
| 3 | 1023 | Дизајн и архитектура на софтвер | 2015 (Зимска) Прва испитна сесија | 10.02.2015 | 0 | 6,00 | И | **10** |
| 4 | CSEW514 | Имплементација на системи со отворен код (Програмски практикум) | 2014 (Зимска) Прва испитна сесија | 11.02.2014 | 0 | 6,00 | И | **10** |
| 5 | ETF084L06 | Јавни мобилни мрежи | 2014 (Август-Септемвриска) | 12.09.2014 | 0 | 6,00 | И | **10** |

## 1.7. Документи

Менито **ДОКУМЕНТИ** овозможува барање на нов документ и негово преземање во електронска форма. Менито има поддршка за документите кои може да ги издаде студентската служба, како што се: потврди за редовен студент, уверенија за положени испити, студентски картон, уверенија за дипломиран, додаток на диплома и слично.




| # | | Архива | Датум | Барање | Цена | Платено | Документ | Статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | 50420 | 29.06.2021 | Уверение за положени испити (Старо) | 0,00 | ДА | Преземи | ✓ |
| 2 | | 50419 | 29.06.2021 | Потврда за редовен студент (ново) | 0,00 | ДА | Преземи | ✓ |
| 3 | | 28810 | 28.03.2019 | Додаток на диплома | 0,00 | ДА | Преземи | ✓ |
| 4 | | 28747 | 26.03.2019 | Студентски картон (Старо) | 0,00 | ДА | Преземи | ✓ |
| 5 | | 28746 | 26.03.2019 | Уверение дипломиран (Старо) | 100,00 | ДА | Преземи | ✓ |